0201-226 | 31.05.2023

NLB Banka

## Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Предлог-одлука за определување износ на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје

Врз основа на член 39 став 1 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието на НЛБ Банка АД Скопје на својата седница одржана на ден 31.05.2023 година ја донесе следната

## Одлука за определување износ на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје

1. Согласно Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка по годишна сметка и финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2022 година и акумулирана добивка од 2021 година, на акционерите им се исплатува дивиденда во бруто износ од 2.076.222.291 МКД:

   1.1. МКД 1.702.997.634 од реализираната добивка од 2022 година
   1.2. МКД 373.224.657 од акумулираната добивка за 2021 година

2. Износот на бруто дивидендата по акција изнесува МКД 2.431.

3. Последен ден на тргување со право на дивиденда е 12.06.2023 година. Прв ден на тргување без право на дивиденда е 13.06.2023 година.

   Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на делот од добивката наменет за дивиденда е 14.06.2023 година, потврдено со Изводот на акционерската книга од ЦДХВ.

4. Исплатата на дивиденда ќе отпочне 30-от ден од денот на одржување на Собранието на НЛБ Банка АД Скопје.

5. Акционерите кои имаат право на дивиденда, ќе бидат известени за оваа Одлука со соопштение во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Македонија.

6. Одлуката стапува во сила на денот на донесување.;

Во Скопје, 31.05.2023 година

Одлуката да се достави до:
- Секретаријат
- Служба за стратешко планирање и финансиски контролинг

Претседавач
на Годишно собрание на акционери
на НЛБ Банка АД Скопје